РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 24.08.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5299/1 | 0 | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

1. ВЕСНА БЕНДЕВСКА
2. ПАВЛЕ АРСОСКИ
3. Данила Бечкоска
4. Бобан Коросупрвоски
5. Данила Стојчевска
6. Сергеј Попов
7. Ели Јанкова
8. Манила Станковиќ
9. Ивана Василевска
10. Валентина Маркевска
11. Пеце Мицевски
12. ТОНИ ЈАРЕВСКИ

ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ,

по скратена постапка

Скопје, август 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за превоз во патниот сообраќај се уредуваат условите и начинот за вршење превоз на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.

Со членот 87-б се уредуваат положбата на Државниот инспекторат за транспорт, раководењето, именувањето, мандатот, престанокот на мандатот и разрешувањето на директорот.

Законот за високи раководители воспоставува единствена правна рамка за постапката и условите за именување, како и за престанокот на мандатот и разрешувањето на високите раководители.

Заради усогласување со Законот за високи раководители, мандатот на директорот се утврдува во траење од пет години, а постапката и условите за именување, како и престанокот на мандатот и разрешувањето, се уредуваат со тој закон.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлог на законот се врши усогласување на Законот за превоз во патниот сообраќај со Законот за високи раководители.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија. Спроведувањето на Законот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Член 1

Во Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), во членот 87-б по ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Мандатот на директорот трае пет години.“.

Ставот 3 кој станува став 4 се менува и гласи:

„За именување на директор на Државниот инспекторат за транспорт се спроведува постапка утврдена во Законот за високи раководители.“.

Ставот 4 кој станува став 5 се менува и гласи:

„За директор на Државниот инспекторат за транспорт може да биде именувано лице кое ги исполнува условите утврдени во Законот за високи раководители.“

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„На директорот мандатот му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.“.

Член 2

Директорот на Државниот инспекторат за транспорт именуван до денот на започнувањето со примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај содржи три члена.

Со членот 1 во членот 87-б се додава нов став 3, ставовите 3 и 4 стануваат ставови 4 и 5 и се менуваат, а се додава нов став 6. Се уредуваат мандатот на директорот во траење од пет години, постапката и условите за именување, како и престанокот на мандатот и разрешувањето во согласност со Законот за високи раководители.

Со членот 2 се уредува продолжувањето на мандатот на директорот именуван до денот на започнувањето со примената на овој закон, до истекот на мандатот за кој е именуван.

Со членот 3 се уредуваат влегувањето во сила и почетокот на примената на Законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и претставуваат целина со која се обезбедува усогласување на мандатот, постапката и условите за именување, како и на престанокот на мандатот и разрешувањето на директорот на Државниот инспекторат за транспорт со Законот за високи раководители.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се обезбедат единствена и транспарентна постапка за именување на директорот, усогласени услови за именување, мандат во траење од пет години, правила за престанокот на мандатот и разрешувањето и правен континуитет во раководењето со Државниот инспекторат за транспорт.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 87-б

Државниот инспекторат за транспорт е орган во состав на Министерството за транспорт.

Со Државниот инспекторат за транспорт раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

За именување на директор се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор на Државниот инспекторат за транспорт може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Македонија,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од областа на техничките или правните науки,
- има најмалку шест години работно искуство од областа на сообраќајот или правните науки,
- поседува уверение, сертификат или друг документ за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга.